Neni 3

Procedurat e filluara deri në ditën e fillimit të zbatimit të këtij ligji do të mbarohen në pajtim me ligjin sipas të cilit kanë filluar.

Neni 4

Aktet nënligjore të përcaktuara me këtë ligj do të miratohen në afat prej 30 ditëve nga dita e hyrjes në fuqi të këtij ligji.

Neni 5

Ky ligj hyn në fuqi në ditën e tetë nga dita e botimit në "Gazetën Zyrtare të Republikës së Maqedonisë", kurse do të fillojë të zbatohet me fillimin e zbatimit të Ligjit për procedurë të përgjithshme administrative në pajtim me nenin 141 nga ligji për procedurë të përgjithshme administrative ("Gazeta Zyrtare e Republikës së Maqedonisë" numër 124/15).

---

**652.**

Врз основа на членот 75 ставови 1 и 2 од Уставот на Република Македонија, претседателот на Република Македонија и претседателот на Собранието на Република Македонија издаваат

**У К А З**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ВРШЕЊЕ НА СМЕТКОВОДСТВЕНИ РАБОТИ**

Се прогласува Законот за изменување и дополнување на Законот за вршење на сметководствени работи,

што Собранието на Република Македонија го донесе на седницата одржана на 8 февруари 2016 година.

Бр. 08-843/1
8 февруари 2016 година
Скопје

Претседател
на Република Македонија,
д-р **Ѓорге Иванов,** с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
**Трајко Вељаноски,** с.р.

**З А К О Н**
**ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ВРШЕЊЕ НА СМЕТКОВОДСТВЕНИ РАБОТИ**

Член 1

Во Законот за вршење на сметководствени работи („Службен весник на Република Македонија" број 95/12, 188/13, 27/14, 154/15 и 192/15), во членот 18 став (2) зборот „писмено" се брише.

По ставот (2) се додаваат три нови става (3), (4) и (5), кои гласат:

„(3) Документот од ставот (2) точка 1) на овој член се обезбедува од евиденцијата на Институтот.

(4) Овластеното службено лице од Институтот кое ја води постапката за упис во регистрите од ставот (1) на овој член е должно документот од ставот (2) точка 2) на овој член по службена должност да го побара од Централниот регистар на Република Македонија во рок од три дена од денот на приемот на барањето.

(5) Овластеното службено лице од Централниот регистар на Република Македонија од кого е побаран документот е должно истиот да го достави до Институтот во рок од три дена од денот на приемот на барањето од ставот (3) на овој член."

Во ставот (3) кој станува став (6) зборовите: „комплетното барање" се заменуваат со зборот „барањето".

Ставовите (4) и (5) стануваат ставови (7) и (8).

Член 2

Во членот 21 став (2) зборот „писмено" се брише, а зборот „приложува" се заменува со зборовите: „приложуваат следните документи".

По ставот (2) се додаваат два нови става (3) и (4), кои гласат:

„(3) Овластеното службено лице од Институтот кое ја води постапката за издавање на лиценца за работа на трговец поединец-сметководител, трговец поединец-овластен сметководител и друштво за вршење на сметководствени работи е должно документите од ставот (2) точки 1), 3) и 4) на овој член по службена должност да ги побара од Централниот регистар на Република Македонија во рок од три дена од денот на приемот на барањето.

(4) Овластеното службено лице од Централниот регистар на Република Македонија од кого се побарани документите е должно истите да ги достави до Институтот во рок од три дена од денот на приемот на барањето од ставот (3) на овој член.

Ставот (3) станува став (5).

Во ставот (4) кој станува став (6) зборовите: „комплетното барање" се заменуваат со зборовите: „барањето".

Ставот (5) станува став (7).

Во ставот (6) кој станува став (8) бројот „5" се заменува со бројот „7", а зборовите: „имаат право на жалба до министерот за финансии" се заменуваат со зборовите: „може да поведат управен спор пред надлежен суд во рок од 30 дена од приемот на решението."

Ставот (7) станува став (9).

Член 3

Во членот 22 став (1) зборовите: „писмено" и „кон кое задолжително се приложува копија од лиценцата за работа" се бришат.

Член 4

Во членот 24 став (2) зборовите: „имаат право на жалба до министерот за финансии" се заменуваат со зборовите: „може да поведат управен спор пред надлежен суд во рок од 30 дена од приемот на решението."

Член 5

Во членот 29 став (1) точката се брише и се додаваат зборовите: „согласно со Законот за општата управна постапка".

Член 6

Во членот 30 став (5) во заградата бројот „3" се заменува со бројот „4", а зборовите: „има право на жалба до министерот за финансии" се заменуваат со зборовите: „може да поведат управен спор пред надлежен суд во рок од 30 дена од приемот на решението."

Член 7

Во членот 31 став (4) зборовите: „имаат право на жалба до министерот за финансии" се заменуваат со зборовите: „може да поведат управен спор пред надлежен суд во рок од 30 дена од приемот на решението."

Член 8

Во членот 46 став (1) точка 3) во заградата бројот „3" се заменува со бројот „6".

Во точката 4) во заградата бројот „4“ се заменува со бројот „6“.

Член 9

По членот 46-д се додава нов член 46-ѓ, кој гласи:

„Член 46-ѓ

(1) Глоба во износ од 25 до 50 евра во денарска противвредност ќе му се изрече на овластеното службено лице ако во рокот утврден во членовите 18 став (4) и 21 став (3) од овој закон не ги побара потребните документи.

(2) Глоба во износ од 25 до 50 евра во денарска противвредност ќе му се изрече на овластеното службено лице во Централниот регистар на Република Македонија ако во рокот утврден во членовите 18 став (5) и 21 став (4) од овој закон не ги достави бараните документи“.

Член 10

Во членот 47 сврзникот „и“ се брише, а по зборовите: „46-д“ се додаваат зборовите: „и 46-ѓ“.

Член 11

Мандатот на првиот Надзорен одбор на Институтот избран на основачкото собрание на Институтот е шест години.

Член 12

Започнатите постапки до денот на започнувањето со примена на овој закон ќе завршат согласно со законот по кој започнале.

Член 13

Подзаконските акти утврдени со овој закон ќе се донесат во рок од 30 дена од денот на влегувањето во сила на овој закон.

Член 14

Одредбите од членовите 1, 2, 3, 4, 5, 6, 7, 8, 9 и 10 ќе започнат да се применуваат со денот на започнувањето на примената на Законот за општата управна постапка согласно со членот 141 од Законот за општата управна постапка („Службен весник на Република Македонија“ број 124/15).

Член 15

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

---

## L I GJ
## PËR NDRYSHIMIN DHE PLOTËSIMIN E LIGJIT PËR KRYERJEN E PUNËVE TË KONTABILITETIT

Neni 1

Në Ligjin për kryerjen e punëve të kontabilitetit ("Gazeta Zyrtare e Republikës së Maqedonisë" numër 95/12, 188/13, 27/14, 154/15 dhe 192/15), në nenin 18 në paragrafin (2) fjala "shkrim" shlyhet.

Pas paragrafit (2) shtohen tre paragrafë të rinj (3), (4) dhe (5) si vijon:

"(3) Dokumenti nga paragrafi (2) pika 1) i këtij neni sigurohet nga evidenca e Institutit.

(4) Personi zyrtar i autorizuar nga Instituti i cili e udhëheq procedurën për regjistrim në regjistrat nga paragrafi (1) i këtij neni është i obliguar që dokumentin nga paragrafi (2) pika 2) i këtij neni me detyrë zyrtare ta kërkojë nga Regjistri Qendrorë i Republikës së Maqedonisë në afat prej tre ditësh nga dita e pranimit të kërkesës.

(5) Personi i autorizuar zyrtar nga Regjistri Qendror i Republikës së Maqedonisë nga i cili është kërkuar dokument është i obliguar të njëjtin ta dorëzojë te Instituti në afat prej tre ditësh nga dita e pranimit të kërkesës nga paragrafi (3) i këtij neni."

Në paragrafin (3) i cili bëhet paragraf (6) fjalët "kërkesën e kompletuar" zëvendësohen me fjalën "kërkesën".

Paragrafët (4) dhe (5) bëhen paragrafë (7) dhe (8).

Neni 2

Në nenin 21 në paragrafin (2) fjalët: "me shkrim" shlyhet, ndërsa fjala "bashkëngjiten" zëvendësohet me fjalët "i bashkëngjiten dokumentet në vijim".

Pas paragrafit (2) shtohen dy paragrafë të rinj (3) dhe (4) si vijon:

"(3) Personi i autorizuar zyrtar nga Instituti i cili e udhëheq procedurën për dhënien e licencës për punë për tregtar individ-kontabilist, tregtar individ-kontabilist i autorizuar dhe shoqërisë për kryerjen e punëve të kontabilitetit është i obliguar dokumentet nga paragrafi (2) pika 1), 3) dhe 4) të këtij neni me detyrë zyrtare t'i kërkojë nga Regjistri Qendror i Republikës së Maqedonisë në afat prej tre ditësh nga pranimi i kërkesës.

(4) Personi i autorizuar zyrtar nga Regjistri Qendror i Republikës së Maqedonisë nga i cili janë kërkuar dokument është i obliguar të njëjtat t'i dorëzojë te Instituti në afat prej tre ditësh nga dita e pranimit të kërkesës nga paragrafi (3) i këtij neni.

Paragrafi (3) bëhet paragraf (5).

Në paragrafin (4) i cili bëhet paragraf (6) fjalët: "kërkesën e kompletuar" zëvendësohen me fjalën "kërkesën".

Paragrafi (5) bëhet paragraf (7).

Në paragrafin (6) i cili bëhet paragraf (8) numri "5" zëvendësohet me numrin "7", ndërsa fjalët "kanë të drejtë për ankesë te ministri i Financave" zëvendësohen me fjalët "mund të ngritin kontest administrativ në gjykatën kompetente në afat prej 30 ditësh nga pranimi i aktvendimit."

Paragrafi (7) bëhet paragraf (9).

Neni 3

Në nenin 22 në paragrafin (1) fjalët: "me shkrim" dhe "drejt të cilit me obligim dorëzohet kopje nga licenca për punë" shlyhet.

Neni 4

Në nenin 24 në paragrafin (2) fjalët: "kanë të drejtë për ankesë te ministri i Financave" zëvendësohen me fjalët: "mund të ngritin kontest administrativ në gjykatën kompetente ne afat prej 30 ditësh nga pranimi i aktvendimit."

Neni 5

Në nenin 29 në paragrafin (1) pika shlyhet dhe shtohen fjalët "në pajtim me Ligjin për procedurë të përgjithshme administrative".

Neni 6

Në paragrafin 30 i cili bëhet paragraf (5) në kllapa numri "3" zëvendësohet me numrin "4", ndërsa fjalët: "kanë të drejtë për ankese te ministri i Financave" zëvendësohen me fjalët: "mund te ngritin kontest administrativ në gjykatën kompetente në afat prej 30 ditësh nga pranimi i aktvendimit."

Neni 7

Në nenin 31 në paragrafin (4) fjalët: " kane të drejtë për ankesë te ministri i Financave" zëvendësohen me fjalët: "mund të ngritin kontest administrativ në gjykatën kompetente në afat prej 30 ditësh nga pranimi i aktvendimit."

Neni 8

Në nenin 46 paragrafi (1) në pikën 3) në kllapa numri "3" zëvendësohet me numrin "6".

Në pikën 4) në kllapa numri „4" zëvendësohet me numrin "6".

Neni 9

Pas nenit 46-d shtohet nen i ri 46-gj si vijon:

"Neni 46-gj

(1) Gjobë në shumë prej 25 deri 50 euro në kundërvlerë me denarë do t'i shqiptohet personit të autorizuar zyrtar nëse në afatin e përcaktuar në nenet 18 paragrafi (4) dhe 21 paragrafi (3) të këtij ligji nuk i kërkon dokumentet e nevojshme.

(2) Gjobë në shumë prej 25 deri 50 euro në kundërvlerë me denarë do t'i shqiptohet personit të autorizuar zyrtar në Regjistrin Qendror të Republikës së Maqedonisë nëse në afatin e përcaktuar ne nenet 18 paragrafi (5) dhe 21 paragrafi (4) të këtij ligji nuk i dorëzon dokumentet e kërkuara".

Neni 10

Në nenin 47 lidhëza "dhe" shlyhet, ndërsa pas fjalëve: "46-d" shtohen fjalët: "dhe 46-gj".

Neni 11

Mandati në këshillin e parë mbikëqyrës të Institutit të zgjedhur në kuvendin themelues të Institutit është gjashtë vite.

Neni 12

Procedurat e filluara deri në ditën e fillimit të zbatimit të këtij ligji do të përfundojnë në pajtim me ligjin me të cilin sipas të cilit kanë filluar.

Neni 13

Aktet nënligjore të parapara me këtë ligj do të miratohen në afat prej 30 ditësh nga dita e hyrjes në fuqi të këtij ligji.

Neni 14

Dispozitat e neneve 1, 2, 3, 4, 5, 6, 7, 8, 9 dhe 10 do të fillojnë të zbatohen me ditën e fillimit të zbatimit të Ligjit për procedurë të përgjithshme administrative në pajtim me nenin 141 të Ligjit për procedurën e përgjithshme administrative ("Gazeta Zyrtare e Republikës së Maqedonisë" numër 124/15).

Neni 15

Ky ligj hyn në fuqi në ditën e tetë nga dita e botimit në "Gazetën Zyrtare të Republikës së Maqedonisë".

---

**653.**

Врз основа на членот 75 ставови 1 и 2 од Уставот на Република Македонија, претседателот на Република Македонија и претседателот на Собранието на Република Македонија издаваат

## УКАЗ
## ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА КОМУНАЛНИТЕ ТАКСИ

Се прогласува Законот за изменување и дополнување на Законот за комуналните такси,

што Собранието на Република Македонија го донесе на седницата одржана на 8 февруари 2016 година.

Бр. 08-844/1
8 февруари 2016 година
Скопје

Претседател
на Република Македонија,
д-р **Ѓорге Иванов,** с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
**Трајко Вељаноски,** с.р.

## ЗАКОН
## ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА КОМУНАЛНИТЕ ТАКСИ

Член 1

Во Законот за комуналните такси („Службен весник на Република Македонија" број 61/2004, 64/2005, 92/2007, 123/12, 154/15 и 192/15), во членот 9 став (1) по зборот „решение" се додаваат зборовите: „во рок од 30 дена".

Член 2

Во членот 11 став (1) по зборот „решение" се додаваат зборовите: „во рок од 30 дена".

Член 3

Во членот 12 став (1) зборовите: „до општинската администрација, до администрацијата на општините во градот Скопје и до администрацијата на градот Скопје" се заменуваат со зборовите: „до општината, до општините во градот Скопје и до градот Скопје".

Во ставот (2) по зборот „решение" се додаваат зборовите: „во рок од 30 дена од денот на приемот на пријавата".

Член 4

Во членот 13 став (1) зборовите: „на општинската администрација, на администрацијата на општините во градот Скопје и на администрацијата на градот Скопје" се заменуваат со зборовите: „на општината, на општините во градот Скопје и на градот Скопје".

Во ставот (2) зборовите: „за што му се доставува решение на обврзникот" се заменуваат со зборовите: „со донесување на решение во рок од 30 дена од денот на приемот на пријавата, кое се доставува на обврзникот."

Член 5

Во членот 18 став (1) точка 2) зборовите: „до општинската администрација, до администрацијата на општините во градот Скопје и до администрацијата на градот Скопје" се заменуваат со зборовите: „до општината, до општините во градот Скопје и до градот Скопје".

Член 6

По членот 18-а се додава нов член 18-б, кој гласи:

„Член 18-б

„Глоба во износ од 25 до 50 евра во денарска противвредност ќе се изрече на градоначалникот, доколку во законски пропишаниот рок не донесе решение (член 9 став (1), член 11 став (1), член 12 став (2) и член 13 став (2)).